Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1, 1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 12.05.2020 година

Уредници: Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Годишен извештај на Управа за јавни приходи за 2019 година

ISSN: 1857-7121
Бр: 15-2483/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/113

**2020 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Визија | 6 |
| Мисија | 7 |
| Лична карта на Управата за јавни приходи | 8 |
| Даночна регулатива | 10 |
| Програми | 11 |
| Програма за реформа за управувањето со јавни финансии | 12 |
| Програмата за работа на ВРСМ | 16 |
| ИПА проекти - програмирање, тендерирање и мониторинг | 24 |
| Проект на Управата за јавни приходи | 28 |
| Спроведување на годишниот план на УЈП | 32 |
| Човечки ресурси во Управата за јавни приходи | 34 |
| Обуки и стручно оспособување | 36 |
| Членство и соработка со меѓународни институции и организации | 38 |
| Доброволно и законско исполнување на даночните обврски | 43 |
| План и наплата на даночните приходи | 44 |
| Данок на додадена вредност | 46 |
| Данок на добивка | 48 |
| Данок на личен доход | 50 |
| Приходи од социјални придонеси од плата | 52 |
| Подобрено администрирање и управување со долгови | 54 |
| Контроли на даноци, други јавни давачки, контроли во функција и останати контроли | 56 |
| Правни работи | 58 |
| Постапки за порамнување и прекршочна постапка | 59 |
| Кривични пријави | 59 |
| Други позначајни настани во УЈП во 2019 година | 60 |
| Ден на даночните работници, Свети Матеј – 25 години УЈП | 62 |
| Статистики | 64 |



*Продолжуваме со завршување на започнатото и отвараме нови поглавја, нови предизвици, нови проекти, продолжуваме со борбата против сивата економија и продолжуваме со менување на ликот на Управата за јавни приходи, како професионална транспарента институција која што е во целосна служба на граѓаните и даночните обврзници.*

*2019 година ја започнавме со е-ПДД и создавање на услови за беспрекорно издавање на Претпополнетата Годишна Даночна Пријава за 2018 година.*
*Согласно измените во Законот за УЈП носителите на платен промет започнаа да доставуваат податоци за приливите на средства на сметките на физичките лица на месечно ниво до УЈП. Располагањето со овие податоци овозможи проверка на точноста на пријавените приходи на физичките лица.*
*Управата за јавни приходи изготви Претпополнета Годишна даночна пријава за секој даночен обврзник кој е регистриран на системот е-ПДД и истата ја достави за нејзина потврда или корегирање. Со ваквото изготвување и доставување на ГДП ги намаливме административните процедури и редиците пред шалтерите, ја подобривме даночната усогласеност, обезбедивме точност и целосност на податоците во пријавите, постигнавме подобрен имиџ за Управата, побрза обработка на информациите од даночните пријави, располагање во реално време со податоци за остварени приходи од даночни обврзници потребни заради остварување на права во постапки пред различни институции.*
*Управата за јавни приходи беше во чекор со сите законски измени што се направија во 2019 година:*

*Со **мерката-ваучер систем** преку донации се овозможува поголема финансиска моќ на спортските субјекти. На даночните обврзници што донирале финансиски средства на спортски субјекти, (национални спортски федерации, спортски клубови, активни спортисти) **им се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, но најмногу до 50% од пресметаниот данок.***

***Со мерката - МојДДВ** се овозможи **враќање на 15%** од платениот ДДВ кон граѓаните . Од први јули 2019 година, ја отпочнавме реализација на оваа мерка чија цел е граѓаните да вратат дел од данокот кој го плаќаат при купување на добра и користење на услуги, а од друга страна со барањето да им се издаде фискална сметка, придонесуваат во намалувањето на сивата економија и намалување на степенот на недисциплинираност кај издавачите на фискални сметки. За реализација на оваа мерка изработивме брза и лесна апликација „МојДДВ“ достапна на мобилните телефони преку која граѓаните ги скенираат фискалните сметки, а исто така можат и да пријават неправилности. Покрај скенирање на мобилен телефон на располагање на граѓаните поставивме баркод читачи и киосци во организационите едници на УЈП каде што граѓаните ќе може брзо и лесно и со помош на вработените од УЈП да ги скенираат фискалните сметки. Мерката се покажа многу успешна што беше видно и од бројот на превземења на апликацијата „МојДДВ“, и од бројот на скенирани сметки што секојдневно се зголемуваше. Во декември 2019 година го извршивме и првиот поврат на ДДВ кај физичките лица т.е кај сите граѓани што скенираа фискални сметки во првото тримесечје односно (јули, август и септември 2019 година) и се квалификуваа за поврат согласно законските услови. На тој начин успешно го заокруживме процесот на поврат на ДДВ кај граѓаните за првиот квартал од 2019 година.*
***Со мерката - субвенционирање на придонесите** од задолжително социјално осигурување се овозможи поддршка на работодавачите кои ќе извршат **зголемување на платите**. УЈП активно се вклучи во процесот на донесување на Законот за субвенционирање*

*на придонесите од задолжително социјално осигурување и подзаконскиот акт со којшто е утврден Правилник за начинот на пресметка на износот за субвенционирање и постапката за субвенционирање на придонесите.*
*Со исплатата на платата за месец октомври 2019 година започна субвенционирањето на придонесите за зголемувањето на платите која ќе се применува заклучно со 31.10.2022 година. Пресметката на износот за субвенционирање на придонесите, односно утврдувањето на износот на зголемување на придонесите, како и намалувањето на износот за плаќање, се спроведува преку целосно автоматизирана процедура, со што овозможено е работодавачите на наједноставен начин, со внесување само на шифра и без дополнителни пресметки да можат да го остварат законското право.*
*Реализиравме **поврат на персонален данок на доход** за лица кои што оствариле единствено приходи од продажба на сопствени земјоделски производи во текот на 2018 година. Со измените во Законот за данок на личен доход, право на поврат на персонален данок на доход остваруваат земјоделците на кои земјоделството им е основна дејност, немаат остварено приходи по друг основ, односно кои оствариле приходи единствено од продажба на земјоделски производи до 1 милион денари.*
*Согласно измените на Законот за УЈП, Управата за јавни приходи врши контрола на ажурноста на **регистарот на вработените во јавниот сектор** преку контрола на месечните пресметки за интегрирана наплата.*
*Согласно Законот за изменување на законот за данок на личен доход во пресметката и плаќањето на **данокот на доход** во наредните три години ќе се врши по **стапка од 10%** за следните видови доход: доход од работа, доход од самостојна дејност, доход од авторски и сродни права, доход од продажба на сопствени земјоделски производи, доход од права на индустриска сопственост, доход од закуп и подзакуп, доход од капитал, капиталните добивки, доход од осигурување и др.*
*Со измените во Законот за ДДВ **се зголеми прагот за задолжителна регистрација** за целите на данокот на додадена вредност од 1.000.000 денари на 2.000.000 денари.*
*УЈП учествуваше на Годишната координација и управувачки комитет за Програмата за даночни администрации и ПФМ реформата во земјите од Југоисточна Европа под мотото „**Промената е во сите нас, но потребно е да избереме: Овој ден или некој ден!**„ На овој управувачки комитет претставници од УЈП го презентираа проектот „Претпополнета Годишна даночна пријава (ГДП)“, како проект што значително ги поедностави процедурите за пресметување и електронско пријавување на персоналниот данок на доход.*
*Претставници на Управата за јавни приходи во Брисел учествуваа на **Објаснувачкиот состанок** за Поглавје 16 (оданочување) како дел од подготовките за почеток на преговорите за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија .*
*УЈП беше **домаќин** на Меѓународната организација на даночните администрации **(ИОТА)** која што во Скопје го одржа Форумот за имплементација на мерките за борба против даночната евазија (Base Erosion and Profit Shifting - BEPS). На Форумот присуствуваа 54 учесници од даночни администрации од регионот, од земји членки на ЕУ и останати даночни администрации, како и предавачи од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Ја интензивираше меѓународната соработка преку **учеството на даночните службеници** во програмата **ФИСКАЛИС 2020, ИОТА** и **ЦЕФ**. Станавме дел од **Меморандумот** за размена на информации и знаења за сузбивање даночни и царински кривични дела и перење пари помеѓу помеѓу **Република Северна Македонија** и **Обединетото Кралство**, а Меморандум за соработка потпишавме и со даночната администрација на **Црна Гора** со цел унапредување на соработката и меѓусебната помош помеѓу двете земји и ефикасност во заедничката борба против даночната евазија.*
*Одржавме семинар посветен на Законот за општа управна постапка, Законот за личен доход, данокот на добивка и регистрација и оданочување на физички лица со ДДВ. Го одбележавме 25 годишниот јубилеј на Управата за јавни приходи под мотото **Приходи, Предизвици, Партнери**, а во неделата посветена на УЈП одржавме **тркалезна маса** со претставници на даночни администрации од регионот и претставници на ММФ, се сретнавме со 100-те најголеми плаќачи во државата, а на дел од нив доделивме признанија, вработените одиграа пријателски меч – фудбал со вработени од МЗШВ, организиравме крводарителски акции низ повеќе градови, а како и секоја година и оваа година вработените во УЈП донираа парични средства со кои, оваа година ги израдувавме децата од ПОУ Климент Охридски во Ново Село.*
*И оваа година се посветивме на услугите кон даночните обврзници и во организација на МИОА станавме дел од институциите коишто нудат електронски услуги, а регистрацијата на граѓаните на системот е-ПДД им овозможи тие електронски услуги како и другите услуги што ги нуди МИОА преку Порталот за е-Услуги да ги користат веднаш (преку системот на е-ПДД) без дополнителна регистрација.*
*Контакт центарот, Информ@, Закажи средба, Инфо центар, пријавување неправилности се дел од услугите преку кои се остваруваат и закажуваат средби со даночните агенти на Управата, се решаваат секојдневните прашања и дилеми на даночните обврзници за сите видови услуги и даноци што ги администрира Управата за јавни приходи.*
*Продолжуваме со развивање и реструктурирање на работните процеси за новиот даночен интегриран ИТ систем; воведување услови за ХАРДВЕР и СОФТВЕР за новиот интегриран ИТ систем на УЈП; воведување методологија за обезбедување квалитет за новиот интегриран ИТ систем, вклучувајќи поддршка на процесот за управување со ризици (функционален и нефункционален ризик, ризик при воведување хардверски и софтверски решенија и ризик од нивна усогласеност); развој и воведување систем за процена на ризик, како и обезбедување непречено функционирање и долгорочна стабилност на системот во случај на криза.*

*Продолжуваме со завршување на започнатото и отвараме нови поглавја, нови предизвици, нови проекти, продолжуваме со борбата против сивата економија и продолжуваме со менување на ликот на Управата за јавни приходи, како професионална транспарентна институција која што е во целосна служба на граѓаните и даночните обврзници.*

*Со почит,*

*ДИРЕКТОР*

*Сања Лукаревска*



# МИСИЈА - ВИЗИЈА

*ВИЗИЈАТА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ Е ДА СТАНЕ МОДЕЛ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРЕПОЗНАТЛИВА СПОРЕД НАЈДОБРИТЕ ПРАКТИКИ НА ЕУ И СТАНДАРДИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ, СО ВИСОК ИНТЕГРИТЕТ И ДОВЕРБА ВО ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА КАКО ГАРАНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ВИСОК СТЕПЕН НА ДОБРОВОЛНА УСОГЛАСЕНОСТ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ.*

За да ја оствариме нашата визија, продолжуваме да го зајакнуваме административниот капацитет со цел да ги постигнеме зголемените стандарди во работењето, со подобрување на деловните практики и внесување на промени согласно со севкупната дигитална трансформација. Започнавме да внесуваме нова организациска култура во работењето на даночната администрација, која обезбедува професионалност, квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите.

Управата за јавни приходи креира единствена политика за обезбедување на едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските. Во управувањето со даночната усогласеност, се базираме на приоретизирање на ризиците кои влијаат на доброволната усогласеност на даночните обврзници, така што се применуваат вистинските активности, во вистинското време кон вистинските даночни обврзници, водејќи сметка за принципите на ефективност и ефикасност.

Управата за јавни приходи применува управувачки стратегии кои обезбедуваат даночните обврзници да се третираат доследно и праведно, како гаранција за одржување доверба во интегритетот на инситуцијата.

Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница.

*НАШАТА МИСИЈА Е: ДА ОБЕЗБЕДИ ПРАВЕДНА И ЕФИКАСНА НАПЛАТА НА ДАНОЦИТЕ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ДАВАЧКИ СО ВИСОК СТЕПЕН НА ДОБРОВОЛНА УСОГЛАСЕНОСТ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ПРИ ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ, ПРЕКУ ЕДНОСТАВНИ ДАНОЧНИ ПОСТАПКИ И ДИГИТАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ЗА НАВРЕМЕНО И ТОЧНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ.*

ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА НАШАТА МИСИЈА ОД ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ОЧЕКУВАМЕ:

- Искреност и чесност во меѓусебната соработка
- Навремено доставување на точни и целосни информации кои се потребни за водење на постапките
- Плаќање на даноците во законски пропишаните рокови
- Водење на книгите и евиденциите на пропишан начин

| ОПШТИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Назив | Управа за јавни приходи (УЈП) |
| Правна форма | Орган на државна управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице |
| Функционира | Единствено на територијата на Република Северна Македонија |
| Седиште | Скопје |
| Адреса | ул.„Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје |
| Конститутивен акт | Закон за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.80 од 30.12.1993 година) |
| Раководење | Директор |
| Избор на директор | Директорот и неговиот заменик ги именува и разрешува Владата на РМ на период од четири години |
| **Финансирање** | • Буџет на Република Македонија<br>• Приходи од склучени договори за вршење контрола и наплата на јавни давачки<br>• 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати<br>• Други приходи утврдени со пропис |
| **Постапување** | Закон за Управата за јавни приходи, Закон за даночна постапка, законите со кои се уредуваат одделни видови даноци и ратификуваните меѓународни договори |
| **Надлежности** | • Спроведување на законите и други прописи за даноците<br>• Регистрација на даночни обврзници, доделување ЕДБ и водење регистар на даночни обврзници<br>• Прием на даночнибиланси, извештаи и пријави, водење даночни евиденции, утврдување на даноци, наплата и поврат на даноци, следење и анализа на даночни приходи<br>• Утврдување и наплата на други јавни давачки согласно закон или договор<br>• Наплата на парични казни, глоби и трошоци изречени во парнични, прекршочни, кривични и управни постапки во корист на РМ<br>• Инспекциски надзор<br>• Следење и анализа на примената на прописите и функционирање на даночниот систем<br>• Следење и анализирање на даночните приходи<br>• Давање појаснување на даночни обврзници во примена на прописите за даноците обезбедувањејавност во работата<br>• Воведување, организирање, користење и развој на единствен даночен информационен систем<br>• Издавање на уверенија, потврди и други документи за платени даноци<br>• Донесување на финансиски план, програма и планови за работа,<br>• Соработка со даночни органи на други држави<br>• Примена на меѓународните договори од областа на даноците и давање меѓунар. правна помош |
| **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |
| **Основни акти** | Акт за организација, Акт за систематизација, Колективен договор на УЈП, Кодекс на етика |
| **Вработени** | 1,105 вработени, 2 функционери и 13 вработени имаат статус на мирување (состојба 31.12.2019) |
| Пол | Жени ..........576<br>Мажи ..........529 |
| Статус | Даночни службеници/Државни службеници/Вработени согласно Законот за работни односи |
| Старост | од 20 до 29 години..........10<br>од 30 до 39 години..........252<br>од 40 до 49 години..........207<br>од 50 до 59 години..........315<br>од 60 до 64 години..........321 |
| Образование | Високо образование..........64.5% (713 лица)<br>Вишо образование..........6,9 (76 лица)<br>Средно образование..........27% (298 лица)<br>Основно образование..........1,6% (18 лица) |
| **Ден на УЈП** | Свети Матеј - заштитник на даночниците (29-ти Ноември) |
| **Награди и признанија** | • Признание за долгогодишна непрекината работа во Управата за јавни приходи (јубилеј 10/20/30/40)<br>• Благодарница за долгогодишна работа во Управата за јавни приходи (по основ на остварување на право на старосна пензија)<br>• Пофалница за професионалност и ефикасност во работата на УЈП<br>• Пофалница за посебен придонес во исполнување на работните цели и задачи на Управата за јавни приходи<br>• Јубилејна награда претставена во паричен износ од една просечна плата исплатена во Управа за јавни приходи во последните 3 (три )месеци<br>• Други награди |

## ОРГАНИЗАЦИЈА

**Основна структура**

**ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА**

- Дирекција за големи даночни обврзници
- **Регионална дирекција Скопје**
- **Регионална дирекција Битола**
  - Даночно одделение Охрид
  - Даночно одделение Ресен
  - Даночно одделение Струга
- **Регионална дирекција Прилеп**
  - Даночно одделение Велес
  - Даночно одделение Кавадарци
  - Даночно одделение Неготино
- **Регионална дирекција Струмица**
  - Даночно одделение Берово
  - Даночно одделение Гевгелија
  - Даночно одделение Радовиш
- **Регионална дирекција Тетово**
  - Даночно одделение Гостивар
  - Даночно одделение Дебар
  - Даночно одделение Кичево
- **Регионална дирекција Штип**
  - Даночно одделение Виница
  - Даночно одделение Кочани
  - Даночно одделение Крива Паланка
  - Даночно одделение Куманово

**7 ШАЛТЕРИ**

**Мобилни даночни шалтери**

**Организација на Генерална дирекција**

**ДИРЕКТОР**

**ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР**

- **СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
- **СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**СЕКТОРИ**

**ДИРЕКТОРАТ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА УЈП**

- Единица за професионални стандарди
- Даночна академија
- Човечки ресурси
- Правни работи
- Финансиски прашања
- Општи и заеднички работи
- Стратешко планирање, анализа и статистика
- Меѓународна соработка

**ДИРЕКТОРАТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДАНОЧНИ ФУНКЦИИ И РАЗВОЈ НА ПРОГРАМИ**

- Услуги на даночни обврзници и даноци
- Регистрација и утврдување на даноци
- Наплата и управување со долгови
- Генерален даночен инспекторат
- Единица за управување со ризик кај усогласеноста

**ДИРЕКТОРАТ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ЦЕНТРАЛИЗИРАНИ ОПЕРАТИВНИ ФУНКЦИИ**

- Информатичко-технолошки развој
- Информатичко-технолошка поддршка и одржување на информационен систем
- Централни оперативни функции

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | 2019 година | 2018 година |
|---|---|---|
| Буџет на Република Македонија | 877.615.297 МКД | 694,467,227 МКД |
| Приходи од склучени договори за вршење контрола и наплата на јавни давачки | 556.023.795 МКД | 452,224,421 МКД |
| **Вкупни приходи на УЈП** | **1,433,639,092 МКД** | **1,146,691,648 МКД** |
| Од буџетските приходи надоместени се | 877.615.297 МКД | 694,467,227 МКД |
| Од сопствените приходи надоместени се | 143.295.211 МКД | 201,640,900 МКД |
| **Вкупни расходи на УЈП** | **1,020,910,508 МКД** | **896,108,127 МКД** |



# ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА

Правната рамка за работењето на УЈП, општото даночно право и даночната управна постапка се дефинирани во два акта – Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.
Законот за Управата за јавни приходи, кој е донесен во месец март 2014 година, претставува правна рамка која го одредува делокругот, начинот на финансирање, организацијата и раководењето, како и должностите, овластувањата, одговорностите, но и правата на вработените при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП. Во делот за работните места се воведе класификација на сите работни места со што се утврдија различните нивоа на работни места и звања на даночните службеници и потребните квалификации и компетенции за нив.

Со овој закон е воведен "интерниот конкурс" како начин на остварување на унапредувањата и регулиран е начинот на оценување на вработените, доделувањето на награди и признанија, дисциплинската одговорност и следењето на напредокот во нивната кариера.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија", бр.7 од 14.01.2019 година) предвидена е обврска за носителите на платен промет на месечно ниво до Управата за јавни приходи да доставуваат податоци за приливите на средства на сметки на физичките лица наместо како досега овие податоци да се доставуваат до Управата само по нејзино барање и за точно определени лица за кои се води даночна постапка.
Овие измени започнуваат да се применуваат од 01.01.2019 година. Конкретната реализација на ново предвидената обврска за носителите на платен промет до УЈП утврдена во членот 1 од овој Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи со кој член се менува членот 17, ќе се одвива со следната со закон пропишана динамика:

- Податоците кои се однесуваат на 2018 година носителите на платен промет ќе ги достават до УЈП најдоцна до 28.02.2019 година и
- Податоците кои се однесуваат за месеците јануари, февруари и март 2019 година носителите на платен промет ќе ги достават до УЈП најдоцна до 30.04.2019 година.

А потоа истото ќе го прават најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.
Со Законот за даночна постапка, кој е донесен во месец јануари 2006 година и со измените и дополнувањата во следните години заклучно со имените во 2018 година, на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по тужба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Со наведената правна рамка се обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање даноци.



**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ 2018-2021**



**ИПА ПРОЕКТИ**

# ПРОГРАМИ



**ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2017-2020**



**ПРОЕКТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

**ВИСОК ПРИОРИТЕТ- НПАА - Поглавје 10**
Информатичко општество и медиуми;
Подрачје 10.2. Обезбедување на услуги од страна на органите на државната управа и државните органи преку единствената околина за размена на документи и податоци по електронски пат.

Со Законот за електронско управување и електронски услуги се уредуваат и прашањата поврзани со воспоставувањето и функционирањето на Националниот портал за електронски услуги, Каталогот на услуги и Една точка за услуги.

**РЕФОРМА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**,
Национален портал –Каталог на услуги-со дејствија на внес на податоци на услугите, опис, услови и докази по постојно апликативно решение за носителот на Проектот МИОА, заради верификација на процесите.



# ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ 2018-2021

*СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕФОРМА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ ЗА 2019*



## ИЗДАВАЊЕ НА ПОПОЛНЕТА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ОД СТРАНА НА УЈП

**Цел**: намалување на административните трошоци и поедноставување на постапките за пријавување, поднесување на пресметки и плаќање на персоналниот данок од страна на граѓаните и исплатителите – правни лица (укинување на годишните извештаи за ПДД), како и подобрување на доброволната наплата на данокот преку обезбедување на поголема сигурност и системска контрола за следење на плаќањата на данокот од страна на исплатителите – фирмите.

Проектот за поедноставување на процедурите за пријавување и плаќање на персоналниот данок е проект финансиран од ЕУ ИПА фондовите во вредност од 93.730 евра и од Буџетот на РМ во вредност од 574.800 евра.

- Во електронскиот систем на Управата за јавни приходи се регистрирани околу 700 илјади даночни обврзници. Иако беше предвидено, беше одложено регистрирањето во системот на пензионерите што остваруваат приход само по основ на пензија.
- Извршено е превземање на податоците за остварените приходи на граѓаните и платениот персонален данок на доход во 2018 година од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (пензии), податоци од ПДД-ДБ за остварени приходи од самостојна дејност, системот за плати МПИН и системот е-Персонален данок.
- Воспоставена е размена на податоци со носителите на платен промет за девизните приливи на физичките лица и извршено е мапирање на основите за трансакциите од банките со видови на приходи во Годишната даночна пријава
- Во периодот од 01.04.2019 година до 30.04.2019 година, генерирани се Годишните даночни пријави за утврдување на персонален данок на доход за 2018 година и поставени се на корисничките профили на граѓаните на системот е-Персонален данок
- Објавено е соопштение на веб страната на УЈП и до медиумите за информирање на граѓаните за доставата на Годишните даночни пријави за 2018 година
- Објавено е соопштение на веб страната на УЈП и до медиумите за информирање на граѓаните за начинот на потврдување /коригирање на Годишните даночни пријави за 2018 година
- Завршен е процесот на потврдување/коригирање на Годишните даночни пријави за 2018 година

Во електронскиот систем на Управата за јавни приходи се регистрирани околу 700 илјади даночни обврзници. Иако беше предвидено, беше одложено регистрирањето во системот на пензионерите што остваруваат приход само по основ на пензија.

- Во 2019 година УЈП изготви пополнета Годишна даночна пријава за 2018 година за вкупно 795.953 граѓани, со пријавено 309.058.476.787 денари годишни бруто – приходи од кои 18.460.162.575 денари персонален данок. Од овие пријави 480.085 ГДП автоматски беа потврдени од Управата за јавни приходи, 139.961 ГДП беа потврдени од граѓаните, а само 6.454 ГДП се коригирани од страна на граѓаните.



## ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

Во 2019 година се применува нов Закон за данокот на личен доход (објавен во „Службен весник на РМ“ број 241/18) со кој се:

- воведе прогресивно оданочување на одделни видови на доход: доходот од работа (плати, пензии, договори за дело), доходот од авторски права, доходот од самостојна дејност и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, односно воведување на стапка од 18% која ќе се пресметува и плаќа на даночната основа која надминува 1.080.000 денари на годишно ниво, односно 90.000 денари месечно. За даночната основа до 90.000 денари месечно, односно 1.080.000 денари годишно, останува примената на даночната стапка 10%,
- се зголеми износот на даночното намалување кај платите и пензиите,
- се намалија нормираните трошоци кои се земаат во предвид при утврдување на даночната основа за одделните видови на доход, односно приближување на нивната висина до висината на овие трошоци во земјите од регионот,
- се воведе нова категорија на доход од осигурување

Со измена и дополнување на Закон за данокот на личен доход („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.275 од 27.12.2019 година), на дел од одредбите од законот им се даде одложена примена до 31.12.2022 година, а дотогаш пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход за 2020, 2021 и 2022 година ќе се врши по стапка од 10%.

## ПОВРАТ НА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Персоналниот данок ќе им биде вратен на сите оние земјоделци на кои земјоделството им е основна дејност основна дејност, и коишто оствариле приходи од продажба на земјоделски производи до 1 милион денари. Оваа исплата е за приходите остварени до крајот на 2018 година.

Граѓаните кои остваруваат приходи единствено од земјоделска дејност може да добијат поврат во износи до 20.000 денари.

Управата за јавни приходи до 25/12/2019 реализирала поврат на персонален данок на доход за 16.100 земјоделци во вкупен износ од 76,745,269 денари за приходи остварени од продажба на сопствени земјоделски производи во текот на 2018 година.



## РАЗВИВАЊЕ И РЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ ЗА НОВИОТ ИНТЕГРИРАН ДАНОЧЕН ИТ СИСТЕМ -ИПА ПРОЕКТ-

Проектот „Развој и реинженеринг на деловни процеси за новиот интегриран даночен ИТ систем", УЈП го започна на 1 Ноември 2017 година.

- Завршен на 31.01.2019 година и испорачани се моделираните деловни процеси (BPM2) кои ја покажуваат глобалната шема на деловните процеси кои треба да бидат реинженирани и да се интегрираат во новиот ИТ систем ("ТО-ВЕ" систем):
- абавка на "BMP" алатка (софтвер и лиценци) - подготвена е изменета тендерска документација
- Техничка спецификација за хардверот и софтверот за новиот интегриран ИТ систем и за контрола на квалитет – техничка поддршка за имплементација

## НАДГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ИТ СИСТЕМИ

- Надградба на апликација за матична евиденција и даночно книговодство
- Надградба и одржување на е-персонален данок
- Надградба и одржување на Е-Даноци
- Апликација за спроведување на даночна постапка (евиденција и документи кои произлегуваат при даночната постапка)
- Софтвер за управување со долгови и постапки за наплата на долгови
- Надградба и одржување на системот за игри на среќа – НИС
- Надградба на ГПРС
- Дефинирање на кориснички барања (техничка спецификација) за хардвер и софтвер за Центар за опоравување од катастрофи

- Надградба на апликација за матична евиденција и даночно книговодство – Завршена е тендерската постапка и потпишан е договор во март 2019 година. Започната е реализација на надградбата, одржани се повеќе средби со изведувачот и со повеќе институции со кои Управата за јавни приходи треба да разменува податоци за цели на надградбата.
- Надградба и одржување на е-персонален данок - Подготвени се деловните барања со системот за плати МПИН и ПДД-ДБ/ПДД-Б,
- Изготвен е предлог дизајн на новата пресметка за плата МПИН,
- Одржани се состаноци со Фондот за здравствено осигурување и Државниот завод за статистика за сугестии по основ на новиот образец.
- Надградба и одржување на е-Даноци - Завршена е тендерската постапка и во тек се активности за склучување на договор
- Од страна на Делегација на Европска Унија ангажиран е експерт за анализа на техничките спецификации за софтверот, хардверот (вклучувајќи го и хардверот за Центарот за опоравување од катастрофи), анализа на пазарот во согласност со истите, како и подготовка на тендерска документиција за новиот даночен интегриран ИТ систем во согласност со PRAG процедурите.

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2017-2020 - ПОВРЗАНОСТ СО ПРОГРАМАТА





**ПОВРЗАНОСТ СО ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ**

*Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.*

**ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ОТВАРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА, АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ПЛАНОВИТЕ ВО ЕКОНОМИЈАТА**

*Создавање поволна деловна клима со политики на соработка на бизнис секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава.*

**СТРАТЕГИЈАТА ЗА ФОРМАЛИЗИРАЊЕ НА НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2018-2022**

*Усвоена од страна на Владата на РМ во месец март 2018 година. Намалувањето на неформалната економија е стратешки приоритет и цел на Управата за јавни приходи.*

Општа цел на Стратегијата е креирање на сеопфатен и конзистентен систем за ефикасно намалување на неформално вработените, нерегистрираните деловни субјекти и неформалните активности во рамките на формалната економија.

Во реализација на целите и исходите на Стратегијата вклучени се следните институции: Министерството економија, Министерството за финансии, Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, државните инспекторати, Царинска Управа на Република Македонија, Управата за финансиска полиција, Државниот завод за статистика, итн.

Покрај тоа, значајна улога имаат и Економско-социјалниот совет и Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС), Заедницата на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и локалните инспекторати.

За координирање и следење на спроведувањето на стратегијата од страна на Владата на РМ донесен е Акциски план во месец јули 2018 година, а формирано е и координативно тело за координирање и следење на спроведувањето на стратегијата.



**ПРОГРАМА НА ВРСМ ПОВРЗАНОСТ СО ПРИОРИТЕТНАТА ЦЕЛ**

*Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.*

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ВО ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИТЕ ПЛАЌАЊА**

*Со Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на РСМ“, бр.98/19), кој стапи во сила од 29.05.2019 година,*

- *се доуреди одредбата за начинот на издавање на фискална сметка во случај на вршење на трговија преку посредници или дистрибутери*
- *се пропиша обврска во законот за приложување на фискалната сметка кон сметката која се сторнира*
- *се воведе временско ограничување од 15 минути за издавање на сторни сметки при вршење на промет на храна и пијалоци за конзумирање во објектот на давателот на услугата и приредување на игри на среќа во обложувалници.*
- *со изврши дорецизирање за глобите....*

Реализирани два форуми на тема: *„Механизми за елиминација на сивата економија, имплементација и очекувани резултати“* кој беа спроведени во соработка со Сојузот на стопански комори и USAID во Велес на 13.05.2019 и 16.05.2019 година. Учество на тркалезната маса на тема *„Дигитална фискализација и сузбивање на даночната евазија во е-трговија“* 14.10.2019 година.

**МЕТОДИ И АКТИВНОСТИ КОИШТО ГИ ПРЕВЗЕМА УЈП ЗА СУЗБИВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА**

Донесени се: **ПЛАН ЗА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА ФИСКАЛИЗАЦИЈА** кој претставува аналитичка рамка која има за цел да ја опфати онаа категорија на обврзници кои се регистрирани во системот на ГПРС, но затајуваат промет и неиздаваат фискални сметки или издаваат фискални сметки кои подоцна ги сторнираат. Материјалот е во корелација со Стратегијата за неформална економија 2018-2020 година и има за цел да биде заштитна алатка на дел од процесите кои се имплементирани преку проектот *МојДДВ* и *е-ПДД*.

**ПЛАН ЗА Е-ТРГОВИЈА НА НЕРЕГИСТРИРАНИ БИЗНИСИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** има за цел да опфати категорија на обврзници - физичките лица кои остваруваат приходи од он лајн продажба преку социјалните мрежи, физичките лица кои даваат и обезбедуваат сервиси и услуги, физичките лица кои остваруваат приходи од веб страни кои сумираат за изборни кампањи во странство, физичките лица кои остваруваат приходи од прогнози на спортски натпревари и сл. Изготвена е анализа/проценка на даночен јаз во делот на фискализација, првично, за таргет група автомеханичари. Во наредниот период ќе се изготват прирачници и едукативни материјали (флаери, проспекти) кои треба да допринесат за поефикасно спроведување на обврските кои ги имаат обврзниците до УЈП.

Во 2019 година, беа спроведени вкупно 714 **КОНТРОЛИ ЗА ФИСКАЛИЗАЦИЈА**, а неправилности беа утврдени во 508 контроли.



## ПРОГРАМА НА ВРСМ ПОВРЗАНОСТ СО ПРИОРИТЕТНАТА ЦЕЛ

*Воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет*

## СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ИСПЛАТАТА НА ПЛАТА ВО ПЛИК, НЕПРИЈАВЕНИ ВРАБОТЕНИ И НЕПРИЈАВЕНИ НАДОМЕСТОЦИ

*Создавање поволна деловна клима со политики на соработка на бизнис секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава.*

Целта на оваа Стратегија е да се предизвика ефект во делот на реалната економска состојба во која граѓаните се жртви и алатка во дел од секторите и дејностите кои се застапени.

Преку имплементација на Стратегијата би имале поефикасен контролен механизам во делот на функционирањето на концептот на бруто плата МПИН и ефект во Буџетот на РСМ во делот на наплатата на даноците и придонесите а притоа да се заштити граѓанинот неговиот труд и придонес кој го има со својот работен ангажман.

Донесен е ПЛАН ЗА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА МПИН кој има за цел да се анализираат состојбите по дејности и таргети, а кој се однесува на податоци за пресметани плати, придонеси и персонален данок на доход.

## ПРОГРАМА НА ВРСМ ПОВРЗАНОСТ СО ПРИОРИТЕТНАТА ЦЕЛ

*Воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет*

## ИНИЦИРАНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА (ЗДП)

Управата за јавни приходи, иницираше измени на Законот за даночна постапка (ЗДП) за низа одредби врз основа на кои се регулираат постапките на Управата за јавни приходи.

Значителна измена е предложена во делот на третманот на **нерегистрираните даночни обврзници**, имено со предложените измени се заоструваат критериумите за санкционирање на овој вид на даночни обврзници. Во тој контекст се зголемуваат глобите како и се пропишува задолжителна мерка привремена забрана за вршење на дејност на нерегистрираните даночни обврзници. Покрај наведеното, со измените на ЗДП се прецизира и постапката на службената регистрација и задолжување на овој вид на даночни обврзници.



**ПРОГРАМА НА ВРСМ**
**ПРИОРИТЕТ**

*Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.*

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

*Мој данок, моја заштеда*

**ЗАКОН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ПОДЗАКОНСКИОТ АКТ**

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ И ПОСТАПКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ**

## ВРАЌАЊЕ НА 15% ОД ДДВ НА ГРАЃАНИТЕ

Преку мерката „*Мој ДДВ*“, граѓаните на нашата земја, заедно со финансиските институции, ќе остварат две главни цели:

*Првата цел* е да се вратат пари кај граѓаните, а *втората цел* е да учествуваат во намалувањето на сивата економија и во елиминацијата на даночното затајување.

**РЕЗУЛТАТИ**
Од почетокот на *МојДДВ* на 1 јули, па заклучно со крајот на 2019 година, скенирани се 52,191,539 фискални сметки, остварен е вкупен промет во износ од 25,871,794,786 денари, со пресметан вкупен ДДВ во износ од 2,805,393,121 денари.

За месеците јули, август и септември 2019 на над 147 илјади граѓани им е исплатен поврат 15% од ДДВ во износ од 157,780,662 денари. Се уште трае исплатата за првото тримесечје, за граѓаните кои имале внесено погрешна трансакциска сметка и направеле корекции.

Со втората исплата од *МојДДВ* за месеците октомври, ноември и декември 2019 година, на трансакциските сметки кај 197.819 граѓани корисници на апликацијата ќе бидат исплатени вкупно 238.075.865 денари.

Со мерката - *СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ* од задолжително социјално осигурување се овозможи зголемување на платите.

Со исплатата на платата за месец октомври 2019 година започна субвенционирањето на придонесите за зголемувањето на платите која ќе се применува заклучно со 31.10.2022 година.

Пресметката на износот за субвенционирање на придонесите, односно утврдувањето на износот на зголемување на придонесите, како и намалувањето на износот за плаќање, се спроведува преку целосно автоматизирана процедура, со што овозможено е работодавачите на наједноставен начин, со внесување само на шифра и без дополнителни пресметки да можат да го остварат законското право.



**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА**

Даночното ослободување за дадените донации во спортот преку ваучер системот, трансферните цени, непрофитните организации, непризнатите расходи и други прашања, заради подобрување на нивната практична имплементација. Се прецизира дека непрофитните организации не се обврзници за данокот на добивка, освен кога истите, покрај нивното непрофитно делување, во текот на годината оствариле приходи од вршење стопанска дејност. Во тој случај, тие ќе станат обврзници за пресметување и плаќање на данокот на вкупен приход во висина од 1% од износот на остварениот вкупен приход од стопанска дејност кој надминува еден (1) милион денари, но само за приходите од вршење стопанска дејност.

- Исто така, се допрецизираат непризнаените расходи за даночни цели, односно се пропишува дека таков третман ќе имаат трошоците за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон; трошоците по основ на уплатени премии за животно осигурување и уплатените придонеси во доброволен пензиски фонд над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година на годишно ниво по вработен; трошоците за донации во спортот согласно членот 30-а од овој Закон и трошоците за нето износот на примањата на вработените по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно закон.
- Се допрецизира и утврдувањето на даночната основа за пресметување на данокот на добивка, со вклучување и на помалку искажаните приходи, со оглед на тоа дека во услови на позитивна разлика помеѓу цената на трансакцијата утврдена во согласност со принципот на "дофат на рака (arm's length principle)" и трансферната цена, компанијата искажува помалку приходи со доуредување и на одредбите кои се однесуваат на трансферните цени.
- Исто така, се уредува и даночниот третман на трошоците за амортизација на средствата. Се пропишува дека како непризнаени расходи за даночни цели ќе се сметаат трошоците за амортизација на ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства, односно дека амортизацијата на средствата ќе се признава како расход во даночниот биланс до износот пресметан на набавната вредност на средствата со примена на амортизационите стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.
- Исто така, се брише условот за постоење на донесена правосилна судска одлука со цел трошоците за исправка на вредноста на ненаплатените побарувања да се даночно непризнат расход од причина што правосилната судска одлука не го регулира начинот на наплата на побарувањето.
- Се пропишува обврска за обврзниците кои имаат трансакции со поврзани лица да поднесат извештај или извештај во скратена форма до30 септември во тековната година за претходната со цел да се усогласат состојбите на ниво на мултинационална корпорација. Со цел да се намали финансискиот товар за малите и средни компании кој би настанал при обезбедувањето на споменатиот извештај и потребната документација, се предлага олеснување во смисла да поднесуваат извештај во скратена форма.
- Дадените заеми на правни лица резиденти доколку не се вратени во истата година во која е извршен трансферот на заемот, нема да имаат третман на непризнаени расходи за даночни цели.
- Исто така, се брише исклучокот за банките и другите овластени кредитни институции да не се третираат како поврзани лица за целите на утврдување на каматите по заеми како непризнаен расход за даночни цели, со оглед на можноста во пракса и банките да се јават како поврзани лица со некоја компанија и се прецизира дефиницијата за поврзани лица која се користи во законот.
- Се утврдува дека правото на намалување на даночната основа по основ на реинвестирана добивка ги вклучува и извршените вложувања во материјални средства кои се набавени преку финансиски лизинг. При тоа се допрецизира дека обврзникот ќе го изгуби ова право доколку ги отуѓи средствата, што е појаснување во однос на постојната формулација која опфаќа пренос на правото на сопственост на средствата.
- Се уредува правото на обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски субјекти (национални спортски федерации, спортски



клубови, активни спортисти), да му се намали пресметаниот данок на добивка за износот на дадената донација, но најмногу до 50% од пресметаниот данок врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт.

- Даночните обврзници кои согласно со Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ“, бр.80/93...13/14), биле ослободени од обврската за плаќање на данок на нераспределена добивка, а кои по започнувањето на примената на оваа измена и дополна на Законот ќе вршат покривање на загубите од акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.
- Износот на вредноста на издадените ваучери врз основа на кои обврзниците го остваруваат правото на даночно ослободување се зголемува и од досегашните шест (6) сега изнесува десет (10) милиони евра годишно, согласно со изменетиот член 30-а став 12.
- Се утврди обврската за плаќање на данок на добивка за даночните обврзници кои имаат искажано ревалоризациони резерви (ревалоризациони вишоци) за материјални и нематеријални средства, намалени за пресметаната амортизација на ревалоризираната вредност на средствата за период од 1 јануари 2019 година до денот кога средството е повлечено од употреба или оттуѓено, при преносот на истите во акумулирана добивка.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА

„Службен весник на РМ“, бр. 248/18 и „Службен весник на РСМ“, бр.232 од 08.11.2019 и бр. 275 од 27.12.2019 година

## КОРИСТЕЊЕ НА ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК НА ДОБИВКА ЗА ИЗНОСОТ НА ДОНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СПОРТСКИ СУБЈЕКТИ

Во 2019 година, за правните лица кои донираат финансиски средства на спортски субјекти и имаат право да користат даночно намалување на пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, спроведено е даночното ослободување во износ од 369,879,086 денари, од вкупниот износ од 614,889,202 денари за донирање наведен во барањата за известување за извршена донација. Во тек се постапки за разрешување на спорни случаи.

# ИПА 2 ПРОГРАМИРАЊЕ, ТЕНДЕРИРАЊЕ И МОНИТОРИНГ





**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ТВИНИНГ ПРОЕКТОТ ИПА 2010 УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ВО УЈП**

Во соработка со Шпанската даночна администрација.

- Контакт центарот е преместен во нови реновирани простории во рамките на УЈП РД Скопје
- Набавен е тикетинг систем.
- Набавени се нови два МДС.

Изготвени се:

- Водич за услугите кои се обезбедуваат од страна на УЈП
- Водич за услугата “Закажи средб@ со даночен агент”.
- Водич за Информ@ - (он-лајн база на знаење).
- Инсталиран е нов софтвер од asecco каде се вметнати двете линии 0800 33 000 и 198.

**ПРОЕКТ -РАЗВОЈ И РЕИНЖЕНЕРИНГ НА РАБОТНИ ПРОЦЕСИ ЗА НОВИОТ ДАНОЧЕН ИНТЕГРИРАН ИТ СИСТЕМ**
ФИНАЛИЗИРАН ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ЕУ ИПА ПРОГРАМИ ИПА II / ЕУИФ 2014

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА КОНТАКТ ЦЕНТАРОТ ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ЕУ ИПА**

***Програми во фаза на гаранциски период***

- *Закажи средб@* со даночен агент за даночните обврзници кои имаат потреба за одредена консултација во Регионалната дирекција Скопје.

Во 2019 година преку системот за закажување, реализирани се 2,612 средби со даночни обврзници.

**ЗАКАЖИ СРЕДБ@**
**со даночен агент**



- *Информ@* - (он-лајн база на знаење) која обезбедува пристап и брзо и лесно пребарување на архивата на прашања и одговори кои произлегуваат од даночната пракса.

Проектот официјално заврши со имплементација на 31 Јануари 2019 година.

Во тек е постапка за набавка на BMP софтвер и лиценци.

Во Април 2018 година заврши имплементацијата на ИПА II / ЕУИФ 2014 Проектот „*Набавка на ИТ опрема за зајакнување на капацитетот на Контакт центарот/Повикувачкиот центар на УЈП*“ преку кој се набави последната ИТ опрема со цел воспоставување модерен Контакт центар на УЈП.



**ПРОЕКТ ,,ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ДАНОЧНАТА И ЦАРИНСКАТА ПОЛИТИКА" ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ЕУ ИПА ТВИНИНГ**

***Резултати кои се очекуваат од проектот се:***

1. Подобрени капацитети на Управата за јавни приходи за зајакнување на подобрената законска регулатива.
2. Подобрени капацитети во областа на управување со даночен долг, наплата на даноците и проценка на даноците, откривање на затајување данок со употреба на индиректни методи за проценка на непријавена функција за внатрешна ревизија на системите за внатрешна контрола, професионални и етички стандарди за спроведување на подобрени вработени, управување со човечки ресурси, јавни набавки, меѓународна размена на информации и во процесот на модернизација на даночната администрација.
3. Обезбедување на квалитет за новиот ИТ систем, е-услуги и спроведени деловни процеси.
4. Дизајниран склад со податоци (Data Warehouse).

Во периодот јануари –март 2019 се отпочна процес на подготовка на заедничкото твининг фише на проектот "*Improving Revenue Collection and Tax policy*" меѓу Министерството за финансии, Царинската Управа и Управата за јавни приходи.

Твининг фишето се состои од четири компоненти, при што првите две компоненти се за Министерството за финансии, третата компонента е за Царинската управа, а четвртата компонента е за Управата за јавни приходи и се однесува на:

**Подобрување на оперативните и административните капацитети на Управата за јавни приходи за спроведување на националното законодавство, ИТ услугите и процедурите**, при што поблиску се дефинираат задолжителните резултати и мерливите индикатори за Управата за јавни приходи.

# ПРОЕКТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ


ject

**СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**

**ЗАЕДНИЧКА РАМКА ЗА ОЦЕНКА ВО УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

**МОДЕЛ CAF- COMMON ASSESSMENT FRAMEWORK**

По примерот на јавните администрации низ цела Европа инспирирана од моделот за извонредност на Европската фондација за управување со квалитет (EFQM) и моделот на Германскиот универзитет за административни науки во Спејер и предизвикот за одржување понатамошен развој, ефикасност, оперативно работење, исполнување на барањата и очекувањата на клиентите се започна Проект за воведување меѓународно признат стандард CAF.

Управата за јавни приходи одржа дводневна работилница за имплементација на меѓународно признатиот стандард – CAF (Заедничка рамка за проценка). Имплементирањето на CAF моделот поволно ќе влијае за постигнување на подобри резултати на повеќе нивоа на УЈП врз подобрување на организациските процеси и целокупното работење во поглед на задоволни вработени и задоволни клиенти што ќе придонесе за модерен и ефикасен сервис за граѓаните.

**Резултати:**

- Изготвен Извештај за Заедничка рамка за оценка во УЈП од страна на тимот на самопроценка и предложени 136 мерки
- Највисокото раководство одбра приоритетни 30 мерки и тоа:
  20 брзо спроведливи активности (Quick Wins и 10 приоритетни активности кои треба да се спроведат во рок од 2 години)

Од прифатените 20 брзи мерки, за 17 мерки се превземени дејствија, односно целосно спроведени се 8 мерки, а останатите 11 мерки се од таква природа да нивното спроведување е отпочнато, но продолжува со превземање на дејствија и во иднина, што значи дека за тие 11 мерки неможе да се определи рок од три месеци. Во врска со прифатените 10 спори мерки, за 8 спори мерки е започнато со изготвување на планови за превземање на дејствија.





# СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОД

*Спроведувањето на годишниот план се врши во однос на навремено спроведување на мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на стратешкиот план чија реализација е планирана во 2019 година.*

| СТРАТЕШКА ПРОГРАМА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ<br>I. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ | |
|---|---|
| **Цел на Програмата** | Градење на капацитети на даночната администрација за администрирање на даночни приходи и придонеси и за обезбедување на квалитетни услуги на корисниците, унапредување на вештините и знаењето на даночните службеници, управување со промени заради поддршка на даночните реформи и модернизацијата - електронска даночна администрација |
| **Одговорен сектор/одделение или лице** | Претставници на раководство за квалитет и секторите во ГД, СОЗР, ДИТ, ДА, СМС, СРУД и СНУД |
| **Показатели за успех на Програмата** | Претставници на раководство за квалитет и секторите во ГД, СОЗР, ДИТ, ДА, СМС, СРУД и СНУД |
| **Показател на успешност на Програмата** | Зголемување на степенот на задоволство на вработените во УЈП |

| ПРОГРАМА<br>1.2: УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА | |
|---|---|
| **Цел на Програмата** | Зајакнување на човечките, особено ИТ капацитетите во УЈП по пат на нови вработувања, унапредувања и обуки за ИТ кадарот |
| **Одговорен сектор/одделение или лице** | Претставници на раководство за квалитет и секторите во ГД, СОЗР, ДИТ, ДА, СМС, СРУД и СНУД |
| **Показатели за успех на Програмата** | Колегиум, СЧР, СМС, ДИТ, СОЗР, СФР<br>• % на реализација на вкупен број на едукативни настани во однос на предвидените со Годишниот план за едукација на Даночна академија<br>• % на искористеност на доделени средства за ФИСКАЛИС 2020<br>• (ИОТА) Број на одобрено учество на настани од УЈП /Број на настани предвидени со Годишната програма на ИОТА на кои може да учествува УЈП<br>• (ЦЕФ) Број на поднесени апликации од УЈП / Број на прифатени апликации од ЦЕФ според Годишната програма на ЦЕФ<br>• (TAIEX) Број на поднесени апликации од УЈП / Број на одобрени TAIEX апликации / Број на реализирани TAIEX апликации<br>**Реализирано**<br>• 100% реализација на вкупниот број на едукативни настани во однос на едукативните настани предвидени со Годишниот План за едукација<br>• За фискална 2019 година (01.04.2019 – 31.03.2020 година) до 02.03.2020 искористени се 82% од алоцираните средства за ФИСКАЛИС<br>• УЈП во 2019 година учествувала на 10 од 20 настани организирани од страна на ИОТА (50%)<br>• УЈП во 2019 година учествувала на 12 од 20 настани организирани од страна на ЦЕФ (60%)<br>• Во 2019 година е поднесена 1 апликација за работилница. Од страна на СЕП/ДЕУ/DG NEAR не е добиена повратна информација за статусот на апликацијата.<br>• (TAIEX) Во овој период се искористени 43.083.96 евра, односно 95% од алоцираните средства. |

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



**Зајакнување на персоналот на УЈП со нови 35 вработувања; 70 прераспределувања** (Буџет 23,500,000 денари)
Во текот на 2019 година, во периодот од распишувањето на претседателските избори 2019 година и предвремените избори на градоначалници на општина Охрид, Ново Село и Дебар на 08.02.2019 година, до денот на нивното завшрување 13.05.2019, не се спроведуваа постапки за вработување согласно Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата.
Врз основа на изменет Годишен план за вработување за 2019, објавен е Интерен конкурс 1/2019 за унапредување на 70 даночни службеници и по завршување на постапката унапредени се вкупно 62 даночни службеници.
Отворен е Јавен оглас за вработување на 35 извршители во УЈП. Постапката продолжува и во фискалната 2020 година. По извршена селекција на кандидати, со 10.02.2020 година, донесени се одлуки за избор и за невршење на избор на кандидати, кои ќе станат конечни по завршување на жалбената постапка. Избрани се вкупно 28 кандидати за пополнување на огласените работни места. Спроведена е постапка за пополнување на работни места.

Со состојба на 31.12.2019 година реализирање на активностите во УЈП се извршува со 1.105 вработени лица, 3 функционери и 10 вработени имаат статус на мирување. Во периодот јануари-декември 2019 година, во однос на 31.12.2018 година, 76 вработени ја напуштиле Управата за јавни приходи и 10 се ново вработени.

| Организациона единица | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| УЈП-ГД | 53 | 101 | 154 |
| ДГДО | 24 | 30 | 54 |
| РД СКОПЈЕ | 76 | 102 | 178 |
| РД БИТОЛА | 63 | 79 | 142 |
| РД ПРИЛЕП | 67 | 70 | 137 |
| РД ТЕТОВО | 112 | 56 | 168 |
| РД ШТИП | 76 | 82 | 158 |
| РД СТРУМИЦА | 58 | 56 | 114 |
| ВКУПНО | 529 | 576 | 1,105 |







**Образовната структура на вработените е:**
- **64,5 % или 713 лица со високо образование**
- **6,9 % или 76 лица со вишо образование**
- **27 % или 298 лица со средно образование**
- **1,6 % или 18 лица со основно образование**

# ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

*ОБУКИ ПРЕКУ ДАНОЧНАТА АКАДЕМИЈА*






*Подобрување на плановите за едукација на даночните обврзници и зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација*

Насочената едукација на вработените преку Даночната Академија (ДА) треба да ја поддржи реорганизацијата на институцијата и новите деловни процеси на клучните функции, како и потребите за обука за работењето и управувањето со цел да ја подобри способноста на вработените на сите нивоа.
Во периодот јануари-декември 2019 година реализирани вкупно 68 едукативни настани за вкупно 1.586 слушатели (вработени во УЈП, студенти, слушатели и учесници на студиска посета).

Имено реализирани се:

1. Реализирани 2 плански активности со активно учество на 640 вработени од УЈП.
2. Реализирани се и вон плански активности, вкупно 66 ад - хок обуки за вработените во УЈП во земјата и странство подржани од домашни институции и меѓународни програми на теми и области поврзани со редовните работни задачи на УЈП.
3. Во извештајниот период реализирани се 2 студиски посети на УЈП од страна на студенти од Еуро Колеџ Куманово на која присуствуваа 13 студенти и од страна на Даночна администрација на Црна Гора присуствуваа 3 претставници. Одржани се обуки за други државни институции на кои присуствуваа 26 слушатели.





# ЧЛЕНСТВО И СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ



## ИНТРА-ЕВРОПСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДАНОЧНИ АДМИНИСТРАЦИИ (IOTA)

Меѓународна организација која има за цел продлабочување на соработката и размена на искуства помеѓу 44 даночни администрации - членки на IOTA, преку присуство на семинари, работилници и средби на групи по одредени области.

**Управата за јавни приходи од 1997 година е полноправна членка на Интра-европската организација на даночните администрации (IOTA)**

Управата за јавни приходи во периодот од 04.06.2019 до 06.06.2019 година заедно со Интра-европската организација на даночните администрации (IOTA) во Скопје го организираа Форумот за имплементација на мерките за борба против даночната евазија (Base Erosion and Profit Shifting - BEPS) на кој присуствува 54 учесници од даночни администрации од регионот, од земји членки на ЕУ и останати даночни администрации, како и предавачи од Организацијата за економска соработка и развој (OECD).

2018 - 20 вработени од УЈП учествуваа на 12 настани (форуми, конференции, регионални состаноци, работилници, ареа групи и сл.) во рамките на Годишната програма на ИОТА за 2018 година.

Во периодот јануари-декември 2019 година 18 вработени од УЈП учествуваа на 10 настани (форуми, конференции, регионални состаноци, работилници, ареа групи и сл.) во рамките на Годишната програма на ИОТА за 2019 година



## (OECD) ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ

Организација која промовира политики за унапредување на економијата и благосостојбата на луѓето. Северна Македонија е членка на Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни целина ОЕЦД, кој брои над 160 членки. Глобалниот форум е клучна меѓународна организација која работи на имплементација на меѓународните стандарди за даночна транспарентност и размената на информации. Глобалниот форум осигурува дека овие високи стандарди за транспарентност и размена на информации за даночни цели се поставени низ целиот свет преку активности за мониторинг и вршење увид/оценување (peer review) над примената на меѓународните стандарди. Оценувањето за спроведување на стандардот за размена на информации по барање (EOIR стандард), се врши во три категории: Достапност на информации, Пристап до информации и Размена на информации.

## ОЕЦД И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ДОГОВОРИТЕ ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНО ОДАНОЧУВАЊЕ

*Процес на оценување (peer review) од Глобалниот форум на ОЕЦД*: Извештајот на Глобалниот форум од март 2019 година од извршената втората фаза на peer review над процесот на размена на информации во РСМ заклучува дека Северна Македонија продолжува да биде оцената со оценката Усогласени во најголем дел (Largely Compliant) со меѓународните стандарди на ОЕЦД за меѓународна размена на информации, оценка што ја имаше добиено и во првата фаза на peer review во 2014 година. *Ранг на оценки*: Усогласени (Compliant), Усогласени во најголем дел ( (Largely Compliant), Делмно усогласени (Partially Compliant) и Неусогласени ( Non-Compliant) со стандардите на ОЕЦД за размена на информации. Република Северна Македонија во јуни 2018 година ја потпиша Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања. Конвенцијата обезбедува сеопфатна мултилатерална рамка за размена на информации, помош при наплата на даноци и достава на документи. Конвенцијата стапи на сила на 1-ви јануари 2020 година.
Во август 2018 година Република Македонија стана 117-та земја членка на БЕПС Инклузивната рамка и како таква заедно со останатите земји на исто ниво ќе учествува во преземање на мерки за спречување на можностите за одбегнување на плаќање на данок, односно мерки за зачувување на својата даночна основа. Земјата се обврза за имплементација на минималните стандарди од оваа рамка (акција 5,6, 13 и 14 од Акцискиот план на БЕПС).

Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI) е потпишана од страна на Министерот за финансии на 29-ти јануари 2020 година, на 8-миот состанок на Инклузивната рамка на БЕПС.
Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Северна Македонија ги има склучено со други земји претставуваат правна рамка и основа за размена на информации за даночни цели, како и за унапредување на економската соработка помеѓу државите-договорнички во доменот на размената на стоки и услуги и заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД Модел Даночна конвенција. Република Северна Македонија досега има склучено вкупно 49 Договори за одбегнување на двојното оданочување, од кои 46 се во активна примена



## МЕЃУНАРОДЕН МОНЕТАРЕН ФОНД (IMF)

Во согласност со стратешките планови и цели, соработката со Меѓународниот монетарен фонд е во насока на развивање и реформирање на основните функции на Управата за јавни приходи преку обезбедување на техничка помош и обука

## КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ПРЕКУ ММФ

- *Во периодот 27 февруари – 12 март 2019 година* се одржа мисија на ММФ во состав Енрико Аав, Стив Весперман (од Секторот за фискални работи), Кит Картрајт, Пекка Рухонен и Телита Сникерс (надворешни експерти на Секторот за фискални работи) во Управата за јавни приходи. Целта на оваа мисија беше да се даде совет на Министерството на финансии и на Управата за јавни приходи во однос на реформи во управувањето со даноците.
- *Во периодот 15-28 мај 2019 година* се одржа ММФ мисија за подобрување на капацитетите на Дирекцијата за големи даночни обврзници.
- *Во периодот 20-23 мај 2019 година* се одржаа состаноци со ММФ резидентниот експерт Пека Руконен во однос на напредокот во спроведувањето на програмата за реформа (финансирана од ЕУ и SECO) и разгледување на програмата за модернизација.
- *Во периодот 17-18 септември 2019 година* се одржаа состаноци со ММФ резидентниот експерт Пека Руконен во однос на напредокот во спроведувањето на програмата за реформа (финансирана од ЕУ и SECO) и разгледување на програмата за модернизација.
- *Во периодот 30 септември до 10 октомври 2019 година* се одржа ММФ мисија за воспоставување на Единица за управување со ризик.
- *Во периодот 09-22 октомври 2019 година* се одржа ММФ мисија за Дирекција за големи даночни обврзници: пилотирање на анализата на ризикот во ДГДО и на рамката за диференција на ризикот
- *Во периодот 04-15 ноември 2019 година* се одржа ММФ мисија за Подобрено управување со ДДВ и обработката на повратот.

## УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ФИСКАЛИС 2020

Во *фискалната* година 2018 (период – 01.04.2018-31.03.2019) во периодот април 2018 – март 2019 година 45 вработени од УЈП учествуваа на 28 настани организирани во рамки на програмата Фискалис 2020.
За оваа фискална година е искористен 95,7%. од предвидениот буџет. Во фискалната година 2019 (период – 01.04.2019-31.03.2020) во периодот април 2019 – февруари 2020 година 42 вработени од УЈП учествуваа на 19 настани организирани во рамки на програмата Фискалис 2020.
За оваа фискална година е искористен 82%. од предвидениот буџет.



## (CEF) ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ФИНАНСИИТЕ

Центарот за развој на финансиите (CEF) има за цел поддршка во развојот на капацитетите во менаџирањето на јавните финансии, даночната политика и администрација, и реформите во централното банкарство преку обезбедување на високо квалитетни практични програми и обуки (работилници, семинари, сертифицирани програми) и поттикнување на регионалната соработка.

## КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ПРЕКУ ЦЕФ

- *2018 година* – 23 вработени од УЈП учествуваа на 12 настани (конференции и работилници) организирани од Центарот за развој на финансиите во Љубљана, Словенија.
- *2019 година* - 17 вработени од УЈП учествуваа на 10 настани (конференции, работилници и вебинари) во рамките на Годишната програма на Центарот за развој на финансиите (Љубљана, Словенија) за 2019 година.

## (EU) ЕВРОПСКА УНИЈА

Во насока на остварување на подобри резултати во работењето, како и овозможување на ефикасни и брзи услуги кон даночните обврзници, Управата за јавни приходи активно се вклучи во користењето на предпристапните фондови кои ги овозможува Европската унија

## КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ПРЕКУ ИНСТРУМЕНТОТ TAIEX

*2018 година* - Одобрени се две апликации за експертска мисија на тема „*Оданочување со Данок на добивка на непрофитни организации и буџетски корисници*“ и работилница на тема „*Контрола за Данок на добивка кај правните лица*“ и за нив се очекуваат информации од DG NEAR при Европската Комисија за нивна реализација. Апликацијата на УЈП за експертска мисија на тема „*Оданочување со данок на добивка на непрофитни организации и буџетски корисници*“ (одобрена во Ноември 2017 година) се одржа во перидот 27-28 февруари 2019 година во просториите на Контакт центарот на УЈП.
УЈП ја повлече одобрената апликација за работилница на тема „*Контрола на правни лица за данок на добивка*" од причината што од Ноември 2017 година УЈП не доби никаква повратна информација за техничка организација на работилницата од DG NEAR, а во меѓувреме причините поради кои апликацијата е поднесена се постигнати од страна на УЈП.
Од страна на УЈП е поднесена нова TAIEX апликација во Август 2018 година за студиска посета на тема „*Подобрување и понатамошен развој на базата на знаење во Контакт центарот*" која е одбиена од страна на DG NEAR.
На 28.03.2019 година до СЕП е поднесна апликација за работилница на тема "*Размена на искуства во врска со добри и позитивни практики, предизвици и проблеми со наплатата и процедурите за управување со долгови и можности за подобрување на ефикасноста на даночната администрација*".
Од страна на СЕП не е доставена повратна информација за статусот на оваа апликација.

# ДОБРОВОЛНО И ЗАКОНСКО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ

*Наша цел е да го зголемиме доброволното пријавување и наплата на даночните обврски, преку подигнување на довербата на даночните обврзници кон институцијата и обезбедување на можности за брз и едноставен контакт, информирање, едуцирање и квалитетни услуги, без интервенции и било какви репресивни постапки. На тој начин успеавме да оствариме над 95% навременост на пријавување на даноците и 85.36% доброволна наплата на даноците.*

Со Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на РМ", бр.238 од 25.12.2018 година) проектиран е износ на Приходи на основен буџет и фондови во висина од 220,971,023,000 денари, од кои даночните приходи и придонесите како дел од Основниот Буџет и фондовите со кои администрира Управата за јавни приходи (УЈП), беа планирани во висина од 159.291.640.000 денари, или од наплата на даноците 86.520.000.000 денари и од наплата на придонесите 72.771.640.000 денари.

На 14.10.2019 година, извршен е Ребаланс на Буџетот со кој Буџетот на Република Македонија за 2019 година -Буџетска сметка, е проектиран во висина од 223.345.492 денари („Сл. весник на РМ" бр.211/2019) што претставува зголемување од првиот план за 1,07%. Во тие рамки, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи се планирани во висина од 158.713.861.000 денари, што претставува намалување од првиот план за наплата на приходите од УЈП за 0,36%. Со тоа, Управата за јавни приходи се задолжува за наплата на 71,06% од средствата кои го формираат Буџетот на Република Македонија-Буџетска сметка.

По извршениот Ребаланс на Буџетот, даночните приходи се планирани во висина 86,520,000,000 денари, што значи дека планот за даночните приходи за 2019 година останал ист, а планот на придонесите за 2019 година, по извршениот Ребаланс на Буџетот, изнесува 72,193,861,000 денари и е намален за 577,779,000 денари или за 0,79%

| | БУЏЕТ ПЛАН 2019 | РЕБАЛАНС ПЛАН 2019 | | | Учество Буџет на РСМ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА РМ** | 220,971,023,000 | **223,345,492,000** | | | **100.00%** |
| **ПРИХОДИ ОД ДАНОЦИ И СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ** | 159,291,640,000 | **158,713,861,000** | **Учество на даноци и придонеси 100.00%** | | 71.06 |
| | | | **Учество во даноците** | | |
| **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ (ДД,ПДД,ДДВ)** | **86,520,000,000** | **86,520,000,000** | **100.00** | 54.51 | 38.74 |
| *Данок на добивка* | 15,301,000,000 | 15,301,000,000 | 17.68 | 9.64 | 6.85 |
| *Персонален данок на доход* | 19,083,000,000 | 19,083,000,000 | 22.06 | 12.02 | 8.54 |
| *ДДВ* | 52,136,000,000 | 52,136,000,000 | 60.26 | 32.85 | 23.34 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА** | **72,771,640,000** | **72,193,861,000** | **100.00** | 45.49 | 32.32 |
| *Пензиско и инвалидско осигурување* | 42,514,000,000 | 41,414,000,000 | 57.36 | 26.09 | 18.54 |
| *Здравствено осигурување* | 27,717,640,000 | 28,179,861,000 | 39.03 | 17.76 | 12.62 |
| *Осигурување при невработеност* | 2,540,000,000 | 2,600,000,000 | 3.60 | 1.64 | 1.16 |

| Даноци во 000,000 | План | Наплата | Индекси |
|---|---|---|---|
| ДД | 15,301 | 11,554 | 75.51 |
| ПДД | 19,083 | 18,706 | 98.02 |
| ДДВ | 15,136 | 52,059 | 99.85 |
| Вкупно даноци | 86,520 | 82,319 | 95.14 |
| Учество во % | 54.51 | 53.01 | / |
| Придонеси во 000,000 | Р.План | Наплата | Индекси |
| ПИО | 41,414 | 41,937 | 101.26 |
| ПЗО | 28,180 | 28,377 | 100.7 |
| ПОН | 2,600 | 2,643 | 101.65 |
| Вкупно придонеси | 72,194 | 72,957 | 101.06 |
| Учество во % | 45.49 | 46.99 | |
| Даноци и придонеси | План | Наплата | Индекси |
| Вкупно приходи | 158,714 | 155,276 | 97.83 |

Во 2019 година, е остварен **вкупен приход од даноци и социјални придонеси од плата** во износ од 155,276 милиони денари (155,275,988,284 денари), што претставува **97,8%** од вкупно планираните приходи за 2019 година.

По основ на **даноци** во 2019 година, остварен е вкупен приход од **82,319** милиони денари. Овој износ е: понизок за 4,86% во однос на планираниот приход од 86,520 милиони денари.

Во 2019 година остварен е вкупен приход по основ на **социјални придонеси** од плата во износ од 72,957 милиони денари (72,956,724,055 денари). Овој износ е повисок за: 1,06% во однос на ребаланс планот.



# ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ

Во 2019 година, остварен е вкупен даночен приход од 82,319,264,229 денари. Овој износ е понизок за:

- 4.86% во однос на планираниот приход од 86,520,000,000 денари, повисок за
- 0.93% во однос на остварениот приход од 81,558,433,725 денари во истиот период од 2018 година, повисок за
- 10.52% во однос на остварениот приход од 74,486,440,431 денар вистиот период од 2017 и повисок за
- 16.07% во однос на наплатениот приход во истиот период од 2016 година во износ од 70,922,397,600 денари

| Вид данок | План | Наплатено | | | | Индекси: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | нап./пл`19 | 2019/2018 | 2019/17 | 2019/16 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 =(3:2) | 8= (3:4) | 9= (3:5) | 10 =(3:6) |
| **ДД** | 15,301,000,000 | 11,554,440,860 | 14,745,279,525 | 11,353,142,997 | 10,768,675,519 | 75.51 | 78.36 | 101.77 | 107.30 |
| **ДЛД** | 19,083,000,000 | 18,705,659,577 | 17,559,094,247 | 15,263,206,552 | 14,205,147,163 | 98.02 | 106.53 | 122.55 | 131.68 |
| **ДДВ** | 52,136,000,000 | 52,059,163,792 | 49,254,059,953 | 47,870,090,882 | 45,948,574,918 | 99.85 | 105.70 | 108.75 | 113.30 |
| **Вкупно** | **86,520,000,000** | **82,319,264,229** | **81,558,433,725** | **74,486,440,431** | **70,922,397,600** | **95.14** | **100.93** | **110.52** | **116.07** |




- 90,59% од наплатените даночни приходи се платени од страна на даночните обврзници по поднесени даночни пријави или по изготвени решенија од страна на УЈП по претходно пријавени даноци од страна на даночните обврзници, доброволно без било каква интервенција на УЈП, како и со користење на повеќе платените даноци за наплата на данок кој се должи (пребивање). Над републичкиот просек за доброволна наплата е остварена во ДГДО, каде 96,49% од наплатата на даноците е извршена доброволно.

| ДАНОЦИ (во мил. ден) | Нето даночни приходи | Доброволно плаќање | Пребивање на долг со преплата | Вкупно доброволно плаќање | Учество ДП/НДП | Отстапување на побарува | Цеси | Репрограм | Инспекц. контрола 75% | Опомени (даноци без МПИН) | Присилна наплата на даноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Скопје | 28,012 | 23,767 | 481 | 24,247 | 86.56 | 0.2 | 55 | 206 | 215 | 970 | 2,317 |
| Битола | 4,029 | 3,245 | 166 | 3,411 | 84.65 | 16.3 | 51 | 78 | 54 | 262 | 156 |
| Прилеп | 2,100 | 1,667 | 91 | 1,758 | 83.69 | 11.4 | 37 | 23 | 35 | 156 | 81 |
| Струмица | 2,003 | 1,301 | 235 | 1,536 | 76.68 | 35.0 | 6 | 23 | 54 | 160 | 189 |
| Тетово | 3,381 | 2,875 | 170 | 3,045 | 90.07 | 1.0 | 67 | 18 | 46 | 146 | 58 |
| Штип | 3,527 | 2,581 | 102 | 2,683 | 76.07 | 0.1 | 71 | 19 | 51 | 531 | 172 |
| ДГДО | 39,267 | 36,734 | 1,156 | 37,890 | 96.49 | 1.7 | 10 | 105 | 450 | 746 | 64 |
| **Вкупно** | **82,319** | **72,169** | **2,401** | **74,570** | **90.59** | **65.70** | **296.76** | **473.00** | **905.56** | 2,972.01 | 3,036.41 |
| % | **100.00** | **87.67** | **2.92** | **90.59** | | **0.08** | **0.36** | **0.57** | **1.10** | 3.61 | 3.69 |



# ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Во 2019 година, остварен е вкупен ДДВ приход од 52,059,163,792 денари.

| Вид данод | План 2019 | Наплатено 2019 | Наплатено 2018 | Наплатено 2017 | Наплатено 2016 | Индекси: 2019/План | 2019/18 | 2019/17 | 2019/16 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ДДВ приход*** | 52,136,000,000 | 52,059,163,792 | 49,254,059,953 | 47,870,090,882 | 45,948,574,918 | 99.85 | 105.70 | 108.75 | 113.30 |
| *ДДВ поврат* | | -25,961,519,527 | -24,616,779,820 | -20,661,697,578 | -19,246,203,095 | | 105.46 | 125.65 | 134.89 |
| *Бруто ДДВ* | | 78,020,683,319 | 73,870,839,773 | 68,531,788,460 | 65,194,778,013 | | 105.62 | 113.85 | 119.67 |




**Структурата на остварените приходи од ДДВ** - данокот од увоз, данокот од промет во земјата, данокот на донации, задржаниот ДДВ во присилна наплата, камата за доцнење на плаќање на ДДВ и износот на вратениот ДДВ по барање на даночните обврзници, се како што следува:

| Период | ДДВ на увоз | ДДВ промет во земјата | ДДВ донации | Камата | Задржан ДДВ од присилна наплата | Поврат на ДДВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2019 | 3,443,260,351 | 2,943,253,776 | 2,178,091 | 9,378,184 | 419,444 | -2,233,811,762 | 4,164,678,084 |
| 02/2019 | 4,091,236,455 | 1,651,706,238 | -196,781 | 7,378,017 | 12,029,235 | -2,056,612,354 | 3,705,540,810 |
| 03/2019 | 4,536,710,249 | 1,277,075,749 | 70,620 | 20,982,579 | 307,543 | -1,581,887,086 | 4,253,259,654 |
| 04/2019 | 4,783,306,494 | 1,947,024,098 | 841,502 | 23,927,335 | 2,085,026 | -1,902,786,343 | 4,854,398,112 |
| 05/2019 | 4,543,620,461 | 1,673,989,755 | 1,934,598 | -4,383,542 | 19,069,260 | -2,508,343,812 | 3,725,886,720 |
| 06/2019 | 4,104,871,759 | 1,352,806,035 | 1,344,262 | 19,311,088 | 8,126,758 | -2,122,531,373 | 3,363,928,529 |
| 07/2019 | 4,971,692,850 | 2,573,723,760 | 1,181,269 | 16,932,230 | 1,947,977 | -2,601,946,488 | 4,963,531,598 |
| 08/2019 | 4,406,775,922 | 1,925,745,000 | 5,924,780 | -10,640,257 | 2,957,923 | -2,034,534,130 | 4,296,229,238 |
| 09/2019 | 4,760,163,805 | 1,822,609,688 | 1,991,323 | 8,087,771 | 2,645,245 | -2,128,158,927 | 4,467,338,905 |
| 10/2019 | 5,103,643,226 | 2,615,144,163 | 838,189 | -5,141,152 | 75,301 | -2,198,892,050 | 5,515,667,677 |
| 11/2019 | 4,887,826,217 | 1,606,779,397 | 55,082 | 3,474,505 | 1,850,747 | -2,595,649,709 | 3,904,336,239 |
| 12/2019 | 5,390,392,349 | 1,424,371,400 | 4,793,030 | 7,219,246 | 13,957,694 | -1,996,365,493 | 4,844,368,226 |
| **Вкупно 2019** | **55,023,500,138** | **22,814,229,059** | **20,955,965** | **96,526,004** | **65,472,153** | **-25,961,519,527** | **52,059,163,792** |
| **Вкупно 2018** | **51,832,281,736** | **21,812,849,186** | **29,518,011** | **76,488,337** | **119,702,503** | **-24,616,779,820** | **49,254,059,953** |
| **Индекси 2019/2018** | *ДДВ на увоз* | *ДДВ промет во земјата* | *ДДВ донации* | *Камата* | *Задржан ДДВ од присилна наплата* | *Поврат на ДДВ* | *Вкупно* |
| | **106.16** | **104.59** | **70.99** | **126.20** | **54.70** | **105.46** | **105.70** |

Структурата на наплатата на ДДВ во 2019 година во однос на 2018 година го покажува следното:

- Зголемување на ДДВ од увоз во 2019 во однос на истиот период од 2018 за 3,191,218,402 денари (6,16%).
- Зголемување на ДДВ од прометот во земјата во 2019 во однос на истиот период од 2018 година, за 1,001,379,873 денари (4,59%).
- Данокот на донации покажува намалување во 2019 во однос на 2018 за -8,562,046 денари (29,01%).
- Зголемување на повратот на ДДВ во 2019 во однос на 2018 за 1,344,739,707 денари (5,46%).

# ДАНОК НА ДОБИВКА

Во 2019 година, остварен е вкупен приход од данокот на добивка од 11,5 милијарди денари (11,554,440,860 денари).

Овој износ е понизок за 24,49% во однос на планираниот од 15,3 милијарди денари.

- Управата за јавни приходи направи анализа на плаќањата на данокот на добивка кои се извршуваат врз основа на поднесените даночни пријави и месечните пресметки базирани на утврдените основици од примените ДБ пријави во 2019 година за деловната 2018 година, како и анализа на состојбата на полињата кои се битни за утврдување на даночната основа- финансиски резултат од работењето (добивка/загуба). Анализата покажа дека во деловната 2018 во однос на 2017 година и покрај зголемените намалувања на даночната основа, остварена е повисока "даночна основа по намалување" и "пресметан данок на добивка"за 12,68% кај даночните обврзници кои плаќаат ДД согласно ЗДД.
- Една од причините за понизок износ на наплата на данокот на добивка е планираниот износ за 2019 година. Имено, во 2018 година, посебно може да се издвои даночен обврзник кој има статус на корисник на ТИРЗ според евиденцијата на УЈП, кој во текот на 2018 година има извршено уплата во износ од над 2,3 милијарди денари на данок на добивка. Овој износ не се очекуваше да се наплати и во 2019 година.

| *ДАНОК НА ДОБИВКА* | План 2019 | Наплата | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 |
| | 15,301,000,000 | 11,554,440,860 | 14,745,279,525 | 11,353,142,997 | 10,768,675,519 |
| *Индекси* | | *нап./план 2019* | *2019/2018* | *2019/2017* | *2018/2016* |
| | | 75.51% | 78.36% | 101.77% | 107.30% |

## Структура на данокот на добивка

| Вид на приход | 2019 | Структура (%) | 2018 | Структура (%) | 2017 | Структура (%) | % 2019/2018 | % 2019/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месечни аконтации | 8,105,363,731 | 70.15 | 9,192,377,906 | 62.34 | 7,091,391,742 | 62.46 | 88.17 | 114.30 |
| Даночни биланси | 2,477,180,396 | 21.44 | 3,647,499,165 | 24.74 | 2,724,750,099 | 24.00 | 67.91 | 90.91 |
| Дивиденда и др. | 247,778,944 | 2.14 | 280,589,502 | 1.90 | 451,968,854 | 3.98 | 88.31 | 54.82 |
| Камата | 113,945,685 | 0.99 | 69,602,695 | 0.47 | 49,449,824 | 0.44 | 163.71 | 230.43 |
| Задржан данок | 530,175,902 | 4.59 | 1,476,736,157 | 10.01 | 969,474,784 | 8.54 | 35.90 | 54.69 |
| Вкупен приход | 69,469,788 | 0.60 | 60,218,465 | 0.41 | 60,433,204 | 0.53 | 115.36 | 114.95 |
| Покривање на загуба | 753,998 | 0.01 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
